Бр. 04-458/19
03. 08. 2021

Врз основа на член 20-г, 20-д и член 21 од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 143/19), член 37-м од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и бр.275/19), член 22 и член 23 од Законот за работните односи, Правилникот за систематизација на работните места во Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем Злетовица-Пробиштип бр.02-241/36 од 29.03.2018 година и Известувањето од Министерство за финансии за обезбедени финансиски средства бр.18-5467/2 од 30.06.2021 година, Директорот на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип донесе

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат по Јавен оглас бр.01/2021 за вработување на неопределено време на 1 (едно) помошно техничко лице во ЈП ХС Злетовица-Пробиштип

**Член 1**

1. По Јавниот оглас број 01/021 објавен во дневните весници "Нова Македонија", "Лајме" и "Слободен печат" на 22.07.2021 година, на веб страната на јавното претпријатие и Агенцијата за вработување на РСМ, за вработување на неопределено време на 1 (едно) помошно техничко лице, се изврши следниов избор:

- За работното место **Работник за одржување на објекти/ работник за одржување на зафати и цевководи,** со статус на помошно техничко лице, со шифра КДР 04 01 А01 087 се избира кандидатот:
  - **Јованчо Пешов од Злетово, Пробиштип**

2. Изборот е извршен врз основа на ранг листа од кандидати кои ги исполнуваат условите и предлог одлука за избор по Јавен оглас бр.01/2021.
3. Избраниот кандидат ќе биде вработен на работното место за кое беше распишан јавниот оглас по завршување на постапката за избор и по конечноста на оваа одлука, за што ќе се склучи договор за вработување.
4. За извршениот избор ќе биде известен пријавениот кандидат.
5. Донесената одлука ќе биде објавена на веб страната на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип и на огласна табла на јавното претпријатие.
6. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На 22.07.2021 година во дневните весници "Нова Македонија", "Лајме" и "Слободен печат" и на веб страната на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип и Агенцијата за вработување на РСМ, објавен е Јавен оглас бр.01/2021 за вработување на неопределено време на 1 (едно) помошно техничко лице на работно место Работник за одржување на објекти/ работник за одржување на зафати и цевководи, со шифра КДР 04 01 А01 087.

Комисијата за селекција во постапката за вработување на неопределено време на 1 (едно) помошно техничко лице во ЈП Хидросистем Злетовица-Пробиштип на работното место Работник за одржување на објекти/ работник за одржување на зафати и цевководи, по пат на јавен оглас бр.01/2021, формирана од Директорот со решение бр.04-458/7 од 21.07.2021 година, изврши селекција на пријавените кандидати, за што состави записник бр.04-458/15 од 30.07.2021 година и спроведе интервју со уредно пријавениот кандидат, за кое состави записник бр.04-458/17 од 30.07.2021 година.

Комисијата состави ранг листа и предлог одлука за избор на прворангираниот односно единствениот кандидат по Јавниот оглас бр.01/2021.

Врз основа на финалните ранг листи и предлог одлука за избор по Јавниот оглас бр.01/2021, Директорот на ЈП ХС Злетовица - Пробиштип изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Управен одбор на ЈП ХС Злетовица- Пробиштип, во рок од 8 дена од денот на објавување на оваа одлука на веб страницата и на огласна табла на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип.

Пробиштип
03.08.2021

ЈП ХС Злетовица
Директор
Миле Илиевски